Компаративен преглед и
опис на состојбата во Македонија

# КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКИ ЗА ИЗБОР НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МЕЃУСЕКТОРСКИ ТЕЛА

OSCE
Organization for Security and
Co-operation in Europe
Mission to Skopje

# КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКИ ЗА ИЗБОР НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МЕЃУСЕКТОРСКИ ТЕЛА

***Компаративен преглед и опис на состојбата во Македонија***

**Октомври, 2011 година**

КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКИ ЗА ИЗБОР НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МЕЃУСЕКТОРСКИ ТЕЛА


Автори:
Емина Нурединоска
Катерина Хаџи-Мицева Еванс



Лектура:
Елена Георгиевска

Печати: Скенпоинт, Скопје, 2011

Тираж: 500 примероци

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

340.13:342.51 (035)

НУРЕДИНОСКА, Емина
Критериуми и постапки за избор на граѓански организации во меѓусекторски тела/[Емина Нурединоска, Катерина Хаџи-Мицева Еванс]. - Скопје : ОБСЕ, 2011.
– стр. ; табели ; 20 см

Библиографија: стр. 44-45

ISBN 978-608-4630-02-9
1. Хаџи-Мицева Еванс, Катерина [автор]
а) Закони – Донесување – Граѓанска партиципација - Прирачници
COBISS.MK-ID 86122506

Поддржано од:

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
Mission to Skopje



Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

# Содржина


**I. ВОВЕД . . . . . . 5**

**II.КРЕИРАЊЕ НА МЕХАНИЗМИ ЗА УЧЕСТВО НА ГО . . . . . . 6**

**III.ПРИМЕРИ НА ПОСТАПКИ НА СЕЛЕКЦИЈА ОД ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ВО ЕВРОПА . 11**

БУГАРИЈА: Платформа на граѓанска Е- застапеност, BlueLink . . . . . . 11

ХРВАТСКА: Совет за развој на граѓанско општество и Национален одбор за развој на волонтерство . . . . . . 13

УНГАРИЈА: Избор на ГО во Националниот граѓански фонд . . . . . . 18

ПОЛСКА: Избор на членови на Советот за активност од јавен интерес . . . . 21

СРБИЈА: Следење и оценка на стратегијата за намалување на сиромаштијата на Србија . . . . . . 22

СЛОВЕНИЈА: Деловник за избор на претставници на ГО изготвен од ЦНВОС . . . . . . 23

**IV.ПОСТОЈНА ПРАКТИКА НА СЕЛЕКЦИЈА НА ГО ВО МАКЕДОНИЈА . . . . . . 25**

Избор од страна на телата на државната администрација . . . . . . 25

Избор од страна на граѓанските организации . . . . . . 28

**V.ЗАКЛУЧОЦИ . . . . . . 34**

**VI.ПРЕПОРАКИ . . . . . . 36**

**VII.ПРЕДЛОЖЕНИ МОДЕЛИ . . . . . . 38**

**Анекс 1: Матрица за административен преглед и оценување на апликации . . . . . . 44**

**БИБЛИОГРАФИЈА . . . . . . 46**

# I. ВОВЕД[1]

Вклученоста на граѓаните и нивните организации во процесот на развој и спроведување на политики и закони се истакнува како една од значајните вредности на демократскиот законодавен процес. Таквата вклученост подразбира право на граѓаните и граѓанските организации (ГО) да бидат информирани за претстојните законодавни иницијативи, како и можност да дадат свое мислење за нацрт-документите, особено доколку се засегнати од истите. Тоа, исто така, дава можност за активна вклученост во работните групи и другите тела кои донесуваат политики и нацрт-закони кои го засегаат општеството. Додека аспектот на информирање и консултирање е подетално уреден во различни закони и прописи, активната вклученост во меѓусекторските владини тела не секогаш е загарантирана со правни документи. Дури и кога постои отвореност за таква вклученост, се наметнува прашањето - како да се изберат граѓани, а особено ГО. Оваа анализа ќе се сосредочи на аспектот на избор - кои критериуми и постапки се користат во  Европа за идентификување на постојните практики и предлагање на модел(и) кои македонската влада и ГО треба да ги разгледаат.

Првиот дел од овој документ дава примери на постапки и критериуми од Европа. Примерите вклучуваат не само процеси каде организациите се вклучени во самиот процес на изготвување на закони или креирање на политика, туку и процеси за избор на ГО во владини тела одговорни за развој на стратешка политика за секторот или за конкретна област на дејствување во која работи организацијата (на пример, животната средина). Документот се насочува на процесите кои ги засегаат ГО, но споменува и други организации онаму каде што е релевантно.

Вториот дел од документот дава анализа на постојните трендови и постапки за вклучување на македонските ГО во работата на меѓусекторските работни групи или владини тела, Примерите за вклучување на ГО се поделени во две главни групи: прво, кога изборот го вршат владините институции и, второ, кога претставниците се избрани од страна на ГО.

Третиот дел од овој документ предлага можни модели за избор на претставници на ГО, кои можат да се користат како насоки за државните институции во процесите на воспоставување на транспарентни постапки. Тие можат да се користат од страна на ГО како алатка за посредување и лобирање за јасни и транспарентни правила за вклученост во работните групи и други тела.

---

[1] Овој документ е подготвен на барање на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) Мисијата во Скопје. Тој е изработен од страна на Емина Нурединоска (Македонски центар за меѓународна соработка МЦМС - Македонија) и Катерина Хаџи-Мицева Еванс (Европски центар за непрофитно право - ЕЦНЛ, Унгарија), септември, 2011 година. *Авторски права © 2011 на ОБСЕ, МЦМС, ЕЦНЛ.  Сите права се задржани.*

# II. КРЕИРАЊЕ НА МЕХАНИЗМИ ЗА УЧЕСТВО НА ГО

Овој дел зборува за општите согледувања кои би требало да се земат предвид при планирањето на модел за избор на ГО во владини тела кои се воспоставени за вршење на одредена функција. Идентификувани се следните *општи согледувања*: вид и надлежност на телото; цел на вклученоста на ГО; можност за номинирање од страна на различни групи; транспарентност и јавност на процесот; претходно дефинирани јасни критериуми; користење на веб-портали и бази на податоци.
Покрај овие општи прашања, *посебен осврт* треба да се даде на следното: кој ги назначува членовите, кој ги избира членовите, кои се временските рамки и роковите, дали процесот е организиран во еден или два чекора, дали организациите треба да бидат регистрирани и кои документи треба да ги поднесат за таа цел, и слично.

## 1) *Постапка на селекција*

### *1. Општи согледувања на процесот*

ГО земаат активно учество во различни тела. На пример, тие можат да земат учество во: (1) тела кои имаат консултативна или советодавна улога во владата, како што се советите; (2) тела кои го следат спроведувањето на национална стратегија или правен акт, или програма за финансирање; (3) тела кои одлучуваат за распределба на средства; (4) раководни тела во рамките на државните тела, како што се национални фондации или фондови; (5) тела кои носат одлуки по одредени прашања, како што се доделување на статус на граѓанска непрофитна организација, како и во (6) работни групи кои го развиваат и следат спроведувањето на политики, стратегии, закони, прописи, насоки, итн. Оттука, при креирањето на механизмите, прво, треба да се земе предвид ***видот и надлежностите*** на телото во кое ќе учествува ГО.

Улогата на ГО во овие тела може да биде различна. Тие може да имаат *репрезентативна* функција, кога ја претставуваат сопствената организација или мрежа (независно дали меѓусекторска, национална унија, или мрежа за одредени прашања, на пример, мрежа на организации за права на жените). ГО може да имаат и *експертска* улога. Во тие случаи, иако може да бидат избрани поради организациите или мрежите кои ги претставуваат, главниот фактор и критериуми ќе бидат насочени кон конкретната експертиза која ГО или поединците ги поседуваат во конкретната област за која телото е одговорно. Оттука, при одлучувањето за тоа кои критериуми или механизми да се усвојат, треба да се земе предвид и ***целта на вклученоста на ГО, придонесот и улогата***

***кои поединецот или организацијата се очекува да ги даде*** во процесот.

Групата на организации кои потенцијално можат да номинираат претставници во владините тела, особено во улога на претставници, може да биде голема. Оттука, владата и организациите кои го помагаат процесот треба да ги направат сите потребни напори за да ***овозможат кандидатури од широка група на организации и еднаков третман на истите врз основа на јасно дефинирани критериуми***, за да се обезбеди кредибилитет на процесот. Покрај тоа, процесот треба да се потпира на методи кои ќе овозможат полесно вклучување на групите со посебни потреби и/или ранливите групи, или групите кои се недоволно застапени во општеството.

> Европската комисија го зацврстува ова начело:
> *„[...] предизвикот да се обезбеди соодветен и рамноправен третман на учесниците во консултативните процеси не треба да се потцени. Комисијата ја подвлекува, конкретно, својата намера да „го намали ризикот креаторите на политика да ја слушнат само едната страна на аргументот или само онаа на одредени групи кои имаат привилегиран пристап[...]. Тоа значи дека релевантната целна група за одредени консултации треба да се идентификува врз основа на јасни критериуми. Јасни критериуми за избор исто така, неопходни се и онаму каде што пристапот до консултации е ограничен од практични причини. Тоа особено се однесува на учеството на заинтересирани страни во советодавни тела или при сослушувања".*[1]

Понатаму, основното начело на сите механизми на селекција е дека постапката треба да биде ***јавна, отворена и транспарентна***. Таквите процеси помагаат во градењето на доверба и соработка помеѓу државните тела и ГО. Во таа смисла, сите заинтересирани страни треба да бидат информирани за процесот и да бидат запознаени со чекорите од кои истиот е составен, вклучувајќи ги карактеристиките на механизмот на селекција. Може да се искористат разни канали за пренос на информациите за процесот: медиуми (печатени, електронски), социјални мрежи, веб-портали на министерства, канцеларии за врски на владата и ГО, канали за вмрежување на организациите.

Процесот треба да се темели на ***јасни, претходно дефинирани критериуми***. Критериумите треба да бидат креирани за кандидатите, а можат да бидат креирани и за организациите, доколку заднината на организацијата е релевантна. Процесот треба да обезбеди критериумите и механизмите на селекција да вклучуваат ***рамнотежа***, онаму каде што е релевантно, помеѓу претставниците на: различни типови и големини на организации, поширок круг на избирачи, конкретни целни групи (лица со хендикеп, доброволци, жени, ветерани), пол и националност.

При обликувањето на процесот и критериумите, важно е да се земе предвид и ***степенот на развој на секторот.*** Конкретно, капацитетот на секторот, неговото искуство и финансиските ресурси, да земе учество и конструктивно

да придонесе кон процесот, секогаш претставува предизвик, па задача на механизмот на селекција е да изнајде најдобар начин да даде осврт на тоа прашање. Наметнувањето на долготрајни постапки на селекција или високи критериуми можат да делуваат негативно за неактивниот или незаинтересиран сектор.

За да се зголеми транспарентноста и отвореноста, владите и организациите можат да работат заедно во развивањето на ***интернет-база на податоци*** или ***веб-портали(и)*** каде ќе можат да објавуваат информации за постојните повици за номинации, правила и постапки, листа на активни работни тела и претставници на ГО избрани да учествуваат во истите, извештаи од седници и извештаи за работата на различни тела, можност за гласање преку Интернет, и други информации кои би можеле да го олеснат процесот на размена на информации за процесот на учество,

## 2. Конкретни согледувања

Примерите од Европа покажуваа дека креирањето на процесот зависи од тоа ***кој го организира изборот*** и ***кој ги именува членовите*** (дали владата или ГО), и ***колку на владата ѝ е потребна дискреција за да донесе конечна одлука.*** Во случај на репрезентативна улога на ГО, механизмите им оставаат на организациите да одлучат кој ќе ги претставува. Во случај на експертска улога, конкретното владино тело може да има засилена улога во процесот на донесување одлуки. Покрај тоа, дури и кога владата или владиното тело носи конечна одлука, таа се темели на резултатите од процесот на селекција.  Следните модели се идентификувани во примерите разгледани во овој документ:

1. ГО ги избираат своите претставници врз основа на постапка пропишана со закон или пропис, или критериуми утврдени од страна на државното тело;
2. ГО ги избираат своите претставници врз основа на сопствена постапка;
3. Владиното тело го организира процесот и избира ГО (со или без јасни правила);
4. Државното тело соработува со ГО во постапката и процесот на селекција.

Некои механизми обезбедуваат *ад хок меѓусекторска група* која ќе го разгледа барањето. Меѓутоа, при планирањето на таквите групи, треба да се земе предвид финансиската оправданост на процесот и временските ограничувања кои истиот може да ги наметне.

Понатаму, процесот може да биде организиран во ***еден, два или неколку чекори***. На пример, од организациите може да се бара да извршат прелиминарна регистрација, како прв чекор, потоа да номинираат кандидати, како втор, и да гласаат, како трет чекор. Во Словенија, организациите имаат и меѓу-чекор-состанок на претставување, каде номинираните кандидати добиваат можност да се договорат кого самите ќе изберат. Само во отсуство на таков договор се преминува на гласање.

Процесот треба да обезбеди доволна и јасна ***временска рамка и рокови***, за:

1. Прелиминарна регистрација на организации во случај истото да е пропишано;
2. Номинација и гласање;
3. Објавување на резултатите (вообичаено во рок од една седмица од завршувањето на процесот на селекција);
4. Рокови за жалба по одлуката;
5. Временска рамка и рокови за обновување на членовите;
6. Рок на претставување.

Процесот треба да креира механизми за ***замена на кандидат***. За да се обезбеди непречена транзиција и непрекинато работење, некои механизми предвидуваат избор на заменици паралелно со изборот на кандидати.

***Други прашања*** кои би требало да бидат пропишани во процесот вклучуваат:

1. Гласање (постапка, потребно мнозинство, метода, технологија која се користи, нерешено гласање);
2. Кој ги разгледува номинациите (а) ГО (б) владино тело, (в) посебна комисија воспоставена за таа цел;
3. Околности во кои може да се јави конфликт на интерес и начини на спречување на истиот;
4. Дали кандидатите треба да бидат поддржани од повеќе од една организација или мрежа;
5. Мандатот и должностите за кои се избрани;
6. Методи на известување за процесот;
7. Дали постојат права или одговорности доделени на избраните претставници (на пример, право на обесштетување на трошоци и од чија страна, обврска да се бара придонес од секторот и да се известува за резултатите на телото), итн.

Со цел, олеснување на процесот, организаторот може да изготви ***стандардизирани обрасци*** за прелиминарна регистрација, барања, биографии на кандидати, изјави, описи на активности и ГО и номинирање и гласање.

### *2) Типични категории на критериуми за организацијата*

Следните категории на критериуми, вообичаено, се земаат предвид, во случај тело или организација кое/која го помага процесот на селекција да побара претходна регистрација на ГО за да бидат истите во можност да номинираат членови. Не треба да се користат сите овие критериуми за да се утврди процесот; следува илустративна листа која може да го води процесот на избор на критериумите кои би можеле да бидат соодветни во конкретните околности.

1. ***Вид на организација*** – дали процесот е отворен за главни форми на ГО, како што се асоцијации и фондации, или, пак, е отворен и за други видови на пошироки претставници на граѓанското општество, како што се синдикати, здруженија на работодавци, итн.
2. ***Функционални критериуми*** – дали постојат барања во смисла на области на дејствување во кои треба да бидат вклучени организациите;

3. ***Географска област на работење*** – дали организациите треба да работат на национално, регионално, локално или меѓународно ниво;
4. ***Сојузи*** – дали кандидатите треба да претставуваат една организација или е дозволено претставување на сојузи; дали организациите треба да бидат дел од мрежа или можат да постапуваат како самостојни кандидати;
5. ***Методи на комуникација*** со други организации – дали организациите треба да имаат воспоставено метода и канали на комуникација;
6. ***Време на работење*** – дали постои временско ограничување во рамките на кое организацијата мора да постои пред да номинира кандидати;
7. ***Независност*** од државните тела и други потенцијални мешања;
8. ***Внатрешни правила на управување*** – дали организациите треба да имаат добро утврдени внатрешни правила за управување со организацијата;
9. ***Начела и стандарди*** – дали организациите треба да имаат прифатено одредени начела и стандарди за работење во одредена област;
10. ***Конфликт на интереси и други ограничувања*** – дали кандидатите се ограничени така што не смеат да бидат дел од политичка партија, или баратели на финансиски средства (на пример, во случај телото да одлучува за распределба на финансиски средства), дали кандидатите може претходно да биле дел од други владини тела, или работни групи; дали треба да постои граница во однос на нивната возраст (дали може малолетници да земат учество во телото кое донесува конкретна одлука).

Во случај избраните претставници да имаат одредена експертска улога во телото, може да се земат предвид и следните критериуми:

1. Вид на потребна експертиза;
2. Дали лицето треба да биде вработено во организацијата, или дозволено е организациите да предлагаат независни експерти;
3. Потребни области на експертиза;
4. Години на искуство;
5. Конкретни вештини (изготвување на документи, комуникација);
6. Претходна вклученост во слични проекти, активности;
7. Претходна соработка со репрезентативното државно тело или други актери, и/или придонес на темата.

# III. ПРИМЕРИ НА ПОСТАПКИ НА СЕЛЕКЦИЈА ОД ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ВО ЕВРОПА

Овој дел дава листа на илустративни примери на постапки и критериуми за избор на претставници на ГО во тела на меѓународно и национално ниво. Тој содржи кратко резиме на критериумите, и, онаму каде што е достапно, постапка за избор на конкретниот модел кој би можел да се земе предвид во земјата.[2]

## БУГАРИЈА: Платформа на граѓанска Е-застапеност, BlueLink

Платформата на граѓанска Е-застапеност е интернет-платформа за избор на претставници на ГО во работни групи и комитети при државни институции. Таа се однесува само на разработување и спроведување на политики за животна средина и одржлив развој во Бугарија. Платформата на граѓанска Е-застапеност има за цел да помогне при (1) изборот на организации преку номинирање на кандидати и гласање, и (2) размена на информации за учеството на избраните членови во работните групи, преку нивните извештаи.

### 1) Постапка за избор на членови

*Прелиминарна регистрација на организации*

За да земат учество во процесот, организациите мора да се регистрираат во интернет- системот. BlueLink разви *Постапка за избор на претставници на ГО за животна средина.*[3] BlueLink води листа на организации регистрирани да гласаат и листа на претставници избрани во различни владини тела. Право да се регистрира за гласање и да учествува во платформата ѝ се дава на секоја организација која е регистрирана во согласност со Законот за непрофитни правни лица и работи во области како што се: животната средина, заштитата на природата и одржлив развој. За да се регистрира, организацијата мора да ги обезбеди следните документи:

1. Судска одлука за регистрација или пререгистрација во согласност со Законот за непрофитни правни лица;
2. Потврда издадена од суд која ги содржи последните информации за ГО од судскиот регистар (која мора да се поднесува на секои 2 години);
3. Писмо во кое се наведува желбата на организацијата да учествува во процесот на селекција, потпишано од страна на службен претставник на овластено лице или организација;
4. Краток опис на организацијата во однос на конзервација, животна средина и одржлив развој.

[2] За дополнителни детали и понови информации ве молиме посетете ги наведените интернет-страници.

[3] http://vote.bluelink.net/index.php, последно пристапено на 15 септември, 2011 година.

Дополнителни детали во врска со регистрацијата и правото на гласање се уредени со внатрешни правила. Изборот го координира BlueLink и постапката започнува на барање на државното тело или друга организација.

*Номинации*

Во согласност со Постапката, секоја организација регистрирана да учествува во изборот може да номинира само еден кандидат за една положба, врз основа на претходна соработка со кандидатот. Номинациите се испраќаат до ECO преку електронска пошта, факс или пошта во текот на периодот на номинирање, кој е дванаесет дена од денот на објавување на повикот.

Писмото за номинација треба да содржи:

1. Име на кандидатот;
2. Изјава на организацијата која го номинирала (образецот е достапен на интернет- страницата);
3. Биографија (CV) на кандидатот (на стандарден образец достапен на интернет- страницата);
4. Мотивациско писмо на кандидатот (образецот е достапен на интернет- страницата).

ECO мора да ја дистрибуира листата на номинации во рок од пет дена од датумот на затворање на повикот за номинации.

*Гласање*

Гласањето се врши во период најмалку од десет работни дена, и регистрираните организации можат да гласаат по пат на електронска пошта, факс или пошта во текот на периодот на гласање. Тие можат да гласаат само за еден кандидат.

Кандидатот кој ќе добие мнозинство гласови ќе биде избран за претставник. Кандидатот кој е втор според бројот на гласови е прв заменик, додека кандидатот кој е трет според бројот на гласови е втор заменик. Во случај кандидати за една положба да добијат еднаков број на гласови, се прибегнува кон дополнително гласање. Резултатите од гласањето се објавуваат преку BlueLink во рок од седум дена по крајниот рок за гласање. Документацијата за изборот е достапна за секого во канцеларијата на ECO три дена по крајниот рок за гласање.

*Права и обврски*

Постапката наведува конкретни права и обврски за избраните претставници. На пример, избраниот претставник има право да добие соодветни информации од одговорната институција, може да делегира одредени одговорности на своите заменици и да се повлече од својата положба (но мора да остане на својата положба до изборот на ново лице). Претставниците ги имаат следните обврски: (1) да ја застапуваат и бранат положбата на ГО во институционалното тело за кое се избрани, (2) да учествуваат на состаноци на институционалното тело, (3) да информираат преку Мрежата на информации на BlueLink за прогресот од работата на институционалното тело и резултатите од истото , (4) да побараат

мислења на заедницата на ГО во однос на релевантни прашања пред работните состаноци.

### 2) Критериуми за избор на членови

Следните критериуми се земаат предвид при избор на членови:

1. Претставниците треба да имаат најмалку една година искуство во ГО за животна средина;
2. Таквото искуство треба да биде стекнато во последните три години;
3. Образованието и искуството на претставникот треба да се однесуваат конкретно на барањата на институционалното тело, доколку е применливо;
4. Кандидатот треба да обезбеди мотивациско писмо кое ќе ја одразува подготвеноста на номинираниот кандидат да биде претставник на ГО.

Избраните кандидати ја претставуваат заедницата за животна средина во период од две години и истовремено не може да бидат избрани во две или повеќе институционални тела. Тие можат да се повлечат или да бидат разрешени од положбата со мнозинство гласови, или во случај на истек на мандатот на телото за кое се избрани.

## ХРВАТСКА: Совет за развој на граѓанско општество и Национален одбор за развој на волонтерство

Хрватска нуди неколку примери на избор на ГО. Прво, *Кодексот на добра практика за консултации со заинтересирана јавност во постапки на усвојување на закони, други прописи и акти*[4] предвидува дека кога членовите на експертски групи се назначуваат од редот на заинтересираната јавност, треба да се имаат предвид критериумите кои вклучуваат: експертиза, претходни јавни придонеси кон предметот во прашање, и други квалификации релевантни за прашањата уредени со законот или друг пропис, или воспоставени со акт на телото на државната администрација.

Второ, владината канцеларија за НВО води база на податоци на државни тела во кои организациите имаат свои претставници, вклучувајќи ги имињата на тие претставници во телото: *http://www.uzuvrh.hr/drzavnatijela-savjeti-clanovi.aspx*

### A. Избор на претставници на ГО во Советот за развој на граѓанско општество[5]

Советот за развој на граѓанско општество е советодавно тело при Владата на

[4] www.uzuvrh.hr, последен пристап на 19 септември, 2011 година.

[5] Овој дел се темели на информации од Регулативата на Советот за развој на граѓанско општество, 2010 година, и интернет-страницата на Владината канцеларија за соработка со НВО во Хрватска: http://www.uzuvrh.hr/page.aspx?pageID=75 (последно пристапено на 15 септември, 2011 година).

Република Хрватска кое дејствува во насока на развој на соработка помеѓу Владата и граѓанските организации во Хрватска при спроведување на Националната стратегија за создавање и овозможување на средина за развој на граѓанско општество; развој на филантропија, општествен капитал, односи на партнерство и меѓусекторска соработка.

Советот е составен од дваесет и седум членови, конкретно:

- дванаесет претставници на здруженија и други организации на граѓанско општество;
- дванаесет претставници на државни институции;
- еден претставник на синдикати;
- еденпретставник на здружение на работодавци:
- еден претставник на фондација.

Потсекторите за кои можат да се избираат здруженија и други организации на граѓанско општество се:

(1) Промовирање и заштита на човековите права;
(2) Заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на живот;
(3) Грижа за лица со хендикеп;
(4) Грижа за деца;
(5) Заштита на животната средина и одржлив развој;
(6) Социјална грижа;
(7) Младинска политика;
(8) Демократија, владеење на правото и образование;
(9) Култура;
(10) Организации вклучени во татковински прашања и грижа за ветерани;
(11) Спорт;
(12) Техничка култура.[6]

## 1) Назначување на членови

Владата ги назначува членовите и нивните заменици по предлог на:

1. Здруженија за дванаесет учесници од наведените полиња на активност;
2. Владина канцеларија за НВО, за претставниците од синдикатите, здружението на работодавци и фондации; и
3. Владини тела, за претставниците од министерствата и различни владини канцеларии.

Членовите се назначуваат на период од три години.

## 2) Постапка за избор на членови од граѓанското општество

Членовите на Советот се избираат преку систем од два чекора: (1) номинирање на членови и (2) гласање за членови.

[6] Одлука за воспоставување на Советот за развој на граѓанско општество, последен пат изменета и дополнета во ноември, 2009 година.

*Номинирање на членови и нивни заменици:*
Владината канцеларија за НВО на својата интернет-страница и други билтени го објавува повикот за номинации на кандидати, критериумите и роковите. Која било регистрирана ГО или мрежа на ГО може да номинира кандидат и заменик за конкретниот потсектор или област на дејствување во кој/а тие се активни, и можат да номинираат само едно лице. Процесот на номинирање на кандидати е отворен најмалку петнаесет дена.

Номинациите се испраќаат до Владината канцеларија за НВО. Номинациите треба да бидат поднесени на стандардизиран образец и поткрепени со следните документи:

1. Мотивациско писмо на кандидатот, кое содржи информации за начинот на кој кандидатот ќе го информира потсекторот за активностите во случај на негово назначување во Советот;
2. Биографија на кандидатот поднесена на стандардизиран образец;
3. Копија од последната потврда за регистрација на организацијата или други организации кои го номинираат кандидатот (или какви било измени поднесени до регистарот) или известување од регистарот не постаро од триесет дена;
4. Потврда за активно учество на кандидатот (професионално или како волонтер) во полето на активности (во здружението или друга организација) за кое лицето е номинирано најмалку од три години без прекин, потпишана од страна на правниот застапник на ГО или друга граѓанска организација.

Независна комисија избрана од постојните членови на Советот ги разгледува номинациите и ја проверува подобноста на кандидатот во рок од осум дена од истекот на рокот за поднесување на номинации. Листата на кандидати со валидни номинации се објавува на Интернет и подносителите имаат рок од осум дена да поднесат жалба во случај нивната номинација да се смета за невалидна.

*Гласање за членови:*
Постапката на гласање трае петнаесет дена. Секое регистрирано здружение или мрежа има еден глас за кандидатот и неговиот заменик и може да гласа за полињата на активности во кои тие се активни. Гласањето се врши на стандардизиран образец, кој може да се преземе од интернет-страницата на Владината канцеларија за НВО, и треба да се испрати по пошта до Владината канцеларија за НВО. Образецот треба да има печат и потпис од претставникот на ГО. Независна комисија ги брои гласовите и подготвува листа на избрани кандидати според потсектори во рок од осум дена од крајниот рок за доставување на гласови. Владината канцеларија за НВО потоа на својата интернет-страница објавува две листи (1) листа на кандидати кои освоиле најмногу гласови во конкретното поле и кои ќе бидат назначени за членови на Советот и (2) листа на сите други кандидати и заменици со бројот на гласови кои ги добиле. Приложената листа на кандидати и заменици се доставува до Владата со цел назначување на тие членови.

### 3) Критериуми за избор на членови на граѓанско општество:

Кандидатите мора да ги исполнуваат следните критериуми:

1. Да се полнолетни;
2. Да не се членови на политички партии ;
3. Да имаат најмалку три години искуство во полето на активности на здруженијата или други граѓански организации кои ќе ги претставува лицето.

## Б. Избор на членови во Националниот одбор за развој на волонтерство

Националниот одбор за развој на волонтерство е советодавно и консултативно тело на Владата на Република Хрватска кое е одговорно за спроведување на мерки за унапредување и заштита на волонтерството. Одборот е составен од деветнаесет членови:

- еден претставник на Министерството за семејство, ветерани и меѓугенерациска солидарност;
- еден претставник на Владината канцеларија за НВО;
- еден претставник на Владината канцеларија за човекови права;
- еден претставник на Националната фондација за граѓанско општество;
- еден претставник на централното владино тело надлежно за образование;
- еден претставник на Министерството за здравство и социјална заштита;
- седум претставници на граѓански организации кои организираат волонтерство;
- шест независни експерти ангажирани во волонтерство и граѓанско општество, и тоа: три претставници по предлог на ГО и три претставници по предлог на локални и регионални власти.

Членовите се избираат на период од две години со право на повторен избор. *Одлуката за критериумите и постапките на избор на претставници во Националниот одбор за развој на волонтерство (2007)* дополнително го појаснува процесот на селекција.

### 1) Назначување на членови

Членовите се назначени од страна на Владата по препорака на Министерството.

### 2) Постапка за избор на членови на Одборот од граѓанското општество

Изборот на претставници на граѓанското општество кои ги претставуваат организаторите на волонтерство се врши преку Министерството за семејство, ветерани и меѓугенерациска солидарност. Министерството поканува федерации и мрежи на здруженија чии членови организираат волонтерство да номинираат еден кандидат кој ги исполнува критериумите.

Апликацијата треба да вклучува:

1. Елаборација на причините за номинирање на кандидатот;
2. Биографија на кандидатот
3. Потврда за бројот на години на активна работа на граѓанската организација, заверена од страна на одговорно лице во здружението.

Изборот на претставници по предлог на граѓански организации од редовите на независни експерти, кои се ангажирани во волонтерство и граѓанско општество, се врши и на покана од Министерството доставена до организациите и мрежите кои можат да номинираат кандидат кој ги исполнува критериумите. Апликацијата треба да вклучува: (1) елаборација на причините за номинирање на кандидатот и (2) биографија на кандидатот.

Номинациите треба да се поднесат во рок од петнаесет дена од приемот на повикот. Комисија за избор на членови на Одборот се воспоставува за да ги прегледа номинациите и ги предлага лицата кои треба да земат учество во Одборот. Врз основа на таа препорака, Министерството поднесува листа до Владата која ги назначува членовите.

### 3) Критериуми за избор на претставници од граѓанското општество

Одлуката ги наведува следните критериуми за членови на организации кои се *организатори на волонтерство*:

1. Лицето мора да е полнолетно (возрасен граѓанин) во Хрватска;
2. Лицето не е официјален претставник на политичка партија;
3. Лицето е активен член без прекин во текот на изминатите три години на граѓанска организација која унапредува и развива волонтерство:
   а) преку едукација на здруженија и волонтери;
   б) со поврзување, следење и поддршка на волонтери;
   в) преку интензивно работење на развивање на свеста кај луѓето и промена на ставовите за волонтерството преку промотивни активности, хуманитарни активности и друго;
   г) со поттикнување на јавноста (граѓаните) на активност, вклученост и учество во волонтерски активности;
   д) со водење на евиденција и база на податоци на волонтери и волонтерски активности;
   ѓ) преку соработка со локалните власти со цел промовирање на волонтерството;
   е) преку соработка со меѓународни волонтерски организации.

Следните критериуми се наведени за експертските членови *предложени од страна на ГО и регионалните/локални власти:*

1. Лицето не е официјален претставник на политичка партија;
2. Лицето е независен експерт кој е активен во полето на волонтерството и граѓанското општество во период најмалку од три (3) години, конкретно:
   а) член на академската заедница кој е вклучен во оваа област преку научно истражување; или

б) експерт во полето на социјални услуги вклучен во проекти на граѓански организации кои промовираат волонтерство; или
в) други области во кои лицето дало придонес кон унапредување на волонтерството и соработката со ГО.

## УНГАРИЈА: Избор на ГО во Националниот граѓански фонд

Националниот граѓански фонд (НГФ) во Унгарија е владин фонд кој дистрибуира оперативни и проектни грантови за поддршка на работата на ГО. Главното управно тело на НГФ е Советот, додека оперативните тела кои донесуваат одлуки се Колеџите кои се организирани на регионална и професионална основа. Членовите на Советот и на Колеџите се избираат на период од три години. Повеќето од членовите во различните раководни тела се претставници на ГО. Тие се избрани од претставници на национални и регионални организации на изборни состаноци. Кандидатите кои ќе добијат најголем број на гласови стануваат членови. Еден дел од членовите се избира на географска основа (т.е. тие претставуваат географски регион), додека друг дел претставува конкретно поле на активност.[7]

### 1) Избор на претставници на ГО во Советот и Колеџите

***Совет***

Советот има седумнаесет членови од кои:

- дванаесет членови се избираат од страна на ГО преку системот за граѓанска застапеност;
- два члена се избрани од страна на надлежниот комитет на Парламентот; и
- три члена се избрани од страна на министерот надлежен за водење на фондот (во моментот, Министерството за јавна администрација и правда).

Преку системот за граѓанска застапеност, пет членови на Советот се избрани од страна на ГО со национален опсег на влијание и од граѓански организации во областа на:

[7] Владата неодамна објави нацрт на новиот Закон за слобода на здружување и работење и поддршка на ГО за општа консултација на крајот на јуни, а планира да го усвои наесен. Нацрт-законот сеопфатно го уредува граѓанскиот сектор и воведува значајни промени кои во основа се однесуваат на работењето на ГО. Националниот граѓански фонд ќе се замени со нов фонд, таканаречен „Национален фонд за соработка", во кој се планира значително намалена застапеност на ГО. Според постојниот нацрт-закон, Советот ќе има само девет члена, од кои три члена ќе бидат избрани преку системот за граѓанска застапеност, три члена ќе бидат назначени од страна на надлежниот комитет на Парламентот, додека три члена ќе бидат поканети од страна на министерот по сопствена дискреција, врз основа на договори за стратешко партнерство склучени со ГО. Секој Колеџ, исто така, ќе има девет членови, од кои три члена ќе бидат избрани преку системот за граѓанска застапеност, три члена ќе бидат избрани од страна на надлежниот министер по остварување на соработка со ГО кои се стратешки партнери, и три члена ќе бидат избрани од страна на министерот по сопствена дискреција. Според нацрт-законот, членовите на Колеџите и Советот ќе се избираат на период од четири години.

1. Зачувување на здравјето, спречување на болести, оздравување, активност на здравствена рехабилитација, општествена активност, помош на семејства, нега на постари лица, рехабилитационо вработување, помош на општествено потчинети лица;
2. Културни активности, образовни и педагошки активности, активности во однос на националните и етнички малцинства на Унгарија, активности поврзани со Унгарците надвор од Унгарија;
3. Заштита на природата, заштита на животните, заштита на животната средина и заштита на културното наследство;
4. Застапеност на деца и младина, заштита, спорт, рекреација;
5. Заштита на јавниот ред и безбедност, волонтерска противпожарна служба, спасување, спречување на катастрофи, заштита на човекови и уставни права, заштита на потрошувачи, подобрување на евроатлантската интеграција, услуги, поддршка и донации за непрофитниот сектор, други непрофитни активности.

Другите членови од ГО во Советот се избираат од седум региони на Унгарија, исто така, преку системот за граѓанска застапеност.

***Колеџи***

Колеџите имаат најмалку пет, но не повеќе од единаесет членови; точниот број зависи од одлуката на министерот. Еден од членовите е назначен од страна на министерот по сопствена дискреција, додека другите членови се избираат од страна на ГО преку системот за граѓанска застапеност.

### 2) Систем за граѓанска застапеност – Постапка за избор на Совет и Колеџи

*Регистрација за избирач*

За да станат избирачи, ГО треба да се регистрираат кај секретарот на НГФ. Тие ГО имаат право да испратат избирачи кои имаат регионален или национален опсег на влијание. Тие треба да го поднесат својот документ за основање, судска потврда за валидни податоци за организацијата и изјава која вклучува валидни податоци, името на избирачот кој ја претставува организацијата, оперативното влијание на организацијата (доколку е регионална, кој регион, доколку е национална,[8] професионалното поле на активност) и претставување на опсегот на активност. Секретарот издава потврда за секоја регистрација која ги исполнува горните критериуми и ги известува регистрираните ГО за датумот и местото на изборниот состанок. Во случај на непотполно барање, се повикува ГО да ги достави документите кои недостасуваат; доколку организацијата не го стори тоа, барањето ќе биде одбиено. Одбиените организации можат да поднесат приговор до министерот.

Периодот на поднесување на барања не треба да биде пократок од триесет дена. Секоја организација со регионален опсег на влијание може да постави избирач

[8] Влијанието на нејзиното работење опфаќа најмалку седум земји.

единствено во регионот кој е засегнат од нејзиното дејствување. Оние ГО кои имаат национален опсег на влијание можат да постават избирач единствено на националниот изборен состанок.

*Гласачка постапка – изборен состанок*

Членовите на ГО и алтернативните членови на Советот и Колеџите се избираат на национални и регионални изборни состаноци. Министерот го објавува датумот и местото на изборните состаноци најмалку во два дневни весника, печатот и форумите на ГО и на интернет-страницата на НГФ.

Гласањето е организирано во две фази. Прво, електоратот гласа за кандидати преку постапка на отворено гласање. Единствено оние кандидати кои добиле 10% од гласовите на присутните избирачи на отвореното гласање ќе влезат во потесниот круг за вториот круг на гласање. Избирачите можат да гласаат за онолку кандидати колку што е бројот на членови кои треба да се изберат (на пример, можат да гласаат за пет кандидати за пет места на национален претставник во Советот). Кандидатите кои добиле мнозинство на гласови ќе бидат избрани за членови на Советот и Колеџите. Во случај на нерешен резултат, членовите се избираат со ждрепка. Имињата на членовите на Советот и Колеџите се објавуваат на интернет-страницата на НГФ.

### 3) Критериуми за избор на членови

Основните регулативи на организацијата и системот на граѓанска застапеност се наведени во Законот L од 2003 година за Националната програма за граѓански фонд, и дополнително утврдени во владиниот указ 160/2003 (X.7) за извршување на Законот.

Условите за членовите се дефинирани во форма на ексклузивни критериуми, кои имаат за цел да спречат конфликт на интереси. Конкретно, тие потенцираат дека членот на Советот или Колеџите не смее да биде:

1. Претставник на Парламентот, член на Општинскиот совет при локалната власт, член на Окружно/градско локално собрание, градоначалник;
2. Близок роднина на член на Советот или Колеџот;
3. Лице кое веќе е член на едно од телата на НГФ;[9]
4. Лице кое било директор на ГО во период од пет години пред неговата номинација и е разрешено од таа функција, а тој или неговиот законски наследник требал, по налог на повисок орган или суд, да го исплати својот јавен долг во рок до две години пред разрешувањето и не постапил според тој налог, освен во случаи кога директорот е назначен конкретно за целите на порамнување на финансиската состојба на организацијата;
5. Лице чиј мандат бил веќе повлечен од министерот поради фактот што тој/таа станал/а неподобен/на за положбата.[10]

[9] Овој услов не е вклучен во новиот нацрт-закон.

[10] Новиот нацрт-закон воведува уште еден предуслов: членот на Советот и Колеџите не може да биде член на извршно тело или претставник на политичка партија.

При нивното назначување, членовите на Советот и Колеџите изјавуваат дека горенаведените околности не постојат. Доколку таквите околности се јават, откако кандидатите се избрани, тогаш тие се должни да го прекинат таквиот конфликт на интереси во рок од триесет дена. Понатаму, членовите треба да поднесат листа на организации со кои имаат одредена поврзаност која може да предизвика конфликт на интереси[11] и да известат во рок од петнаесет дена за какви било промени во таквата листа. Листите се објавуваат на интернет-страницата на НГФ. Овие правила имаат за цел да спречат конфликт на интереси. Имено, доколку ГО од листата поднесе барање за грант, шефот на Советот ќе назначи друг Колеџ кој нема конфликт на интереси да одлучува за грантот.

## ПОЛСКА: Избор на членови на Советот за активност од јавен интерес

Советот за активност од јавен интерес е создаден со Законот за активност од јавен интерес и волонтерство во 2003 година (изменет и дополнет во 2009 и 2010 година). Советот е советодавно тело на министерот одговорно за прашања од областа на социјалната заштита. Тој е составен од дваесет членови – десет претставници на ГО и нивни унии и други субјекти наведени во законот и десет од јавни органи (пет од локалните власти и пет од централните административни тела). Со Советот претседава еден претставник на органите и еден претставник на ГО вклучени во работата на Советот.

### 1) Постапка за избор на членови на граѓанскиот сектор

Процесот е следен: министерот одговорен за социјална заштита објавува во два дневни национални весника, како и на интернет-страницата на неговата канцеларија, информации за повик на организациите да номинираат кандидати за членови на Советот. Известувањето содржи информации за повикот, содржина на апликацијата и датум и место на поднесување на барањето.

Апликацијата треба да ги содржи следните информации:

1. Опис на работата и оправданост за учество на претставник на ГО во Советот, поврзаноста на ГО со работата на Советот и негово разбирање;
2. Барањето на барателот, кое ги наведува неговите квалификации за извршување на задачите и кои би биле корисни во неговата функција како член на Советот;
3. Изјава на кандидатот дека ја прифаќа кандидатурата;
4. Потврда дека не е претходно осудуван за кривични дела со умисла;
5. Извадок од Националниот судски регистар, и други докази за природата и опсегот на работењето на ГО.

[11] Доколку членот, лицето кое учествува во донесувањето на одлуки или нивен близок роднина е 1) основач на фондацијата, член или претставник на раководното тело или организацијата на фондацијата, член на раководно или репрезентативно тело на асоцијацијата, 2) во правен однос за вработување со ГО *или* доколку кој било од горенаведените околности постоеле во текот на изминатите три години пред датумот на проверка.

Секој кандидат мора да биде поддржан најмалку од дваесет ГО. Министерот назначува претставник од листата на кандидати номинирани од страна на организациите.

2) **Критериуми и назначување**

Процесот на поднесување на апликација е уреден со Законот и Регулативата за работата на Советот.[12] Сите членови на Советот се назначени од министерот на период од три години. Во однос на ГО, министерот мора да донесе одлука врз основа на листата на номинирани кандидати. Меѓутоа, не постојат критериуми врз основа на кои министерот ќе одлучи која организација ќе ја назначи.

## СРБИЈА: Следење и оценка на стратегијата за намалување на сиромаштијата на Србија

Работата на фокалните точки на граѓанско општество и Единицата за управување со програмата на Стратегијата за намалување на сиромаштијата на Владата на Република Србија се оценуваат од страна на тимот за следење и оценка. Оценката се врши врз резултатите на лицата за контакт и одделението по шест (6) и дванаесет (12) месеци. Оценката на постигнатите резултати треба да содржи препораки за тоа дали се исполнети условите за продолжување на програмата.[13]

**Критериуми и постапка**

Подобни кандидати се сите заинтересирани лица со искуство во полето на следење и оценка и спроведување на програми за намалување на сиромаштијата насочени кон ранливи групи, како и со познавања од областа на граѓанското општество во Србија. Критериумите се оценуваат на следниот начин.

| Критериум | | Максимум поени |
|---|---|---|
| 1. | Претходно искуство на кандидатот во полето на следење и оценка | 30 |
| 2. | Претходно искуство во реализација на програми за намалување на сиромаштијата | 20 |
| 3. | Искуство во истражувачка работа | 30 |
| 4. | Искуство во работа со ранливи групи | 20 |
| 5. | Искуство во работа во ГО сектор | 20 |
| 6. | Препораки од претходни работодавци и/или партнери | 20 |
| **Вкупно** | | **140** |

[12] Регулатива на министерот за економија, труд и социјална политика за Советот за работа од јавен интерес, од 4 август, 2003 година, http://www.pozytek.gov.pl/Orzecznictwo,dotyczace,III,sektora,831.html, последно пристапено на 15 септември, 2011 година.

[13] Овој дел е изготвен врз основа на информации од следната интернет-страница: http://www.prsp.gov.rs/engleski/aktuelno/kocd.jsp, последно пристапено на 15 септември, 2011 година.

Апликантите треба да поднесат своја биографија, мотивациско писмо и две препораки од претходни работодавци. Најдобро рангираните кандидати се повикуваат на интервју, врз основа на што ќе се донесе конечна одлука.

## СЛОВЕНИЈА: Деловник за избор на претставници на ГО изготвен од ЦНВОС

Центарот за информирање, соработка и развој на НВО води постапка за избор на претставници на граѓанско општество во различни владини тела, кој за првпат беше развиен во 2002 година и дополнително зацврстен во 2004 година. Целта на Деловник за избор на претставници на ГО е „да понуди унифицирана постапка со јасни правила, обврзувачки за сите вклучени и во согласност со начелата на отвореност, еднакви можности и транспарентност.“[14]

ЦНВОС дејствува како лидер во процесот кој го помага изборот на претставници и обезбедува техничка помош. ЦНВОС постапува на барање на одредено владино тело кое треба да избере претставници на секторот, кои ќе земат учество во различни меѓусекторски тела (на пример, комисија, работно тело, итн.).

### 1) Постапка на селекција

Процесот го води вработен на ЦНВОС овластен од директорот, кој заедно со уште два члена формира изборна комисија за конкретен процес. ГО, исто така, можат да именуваат член на комисијата, кој ќе земе учество во разгледување на добиените апликации и подоцна во броењето на гласовите.

*Номинирање*

Како прв чекор на процесот, ЦНВОС објавува повик за (1) номинирање на кандидати и (2) регистрација на ГО кои ќе гласаат во постапката. Прибирањето на апликации не смее да трае пократко од петнаесет дена. По истекот на крајниот рок, комисијата изготвува листа на кандидати и регистрирани организации кои ќе гласаат. Во случај на нецелосни апликации, кандидатите имаат рок од три дена да го комплетираат поднесокот, во спротивно нивната апликација нема да биде разгледана.

*Состанок на претставување*

Иако овој чекор од процесот не се практикувал често во раните денови на постапката, тој, сепак, се покажал како ефикасен и како резултат на тоа станал редовен дел од истата. Имено, по номинирањето на кандидатите, организаторите свикуваат состанок на претставување, на кој кандидатите и организациите кои ги номинирале се среќаваат и се обидуваат да постигнат договор за тоа кој од нив ќе биде избран во телото. Единствено во случаи кога тие не можат да постигнат договор, започнува постапката на гласање.

[14] http://www.cnvos.si/article?path=/zagovornistvo/nvo_predstavniki, последен пристап на 15 септември, 2011 година. Описот на словенечкиот случај се темели на поднесок од страна на Тиња Дивљак од ЦНВОС за целите на Глобалниот форум за закон за граѓанско општество, 2011 година, организиран од страна на Меѓународниот центар за непрофитно право (ИЦНЛ)

*Гласање*
Комисијата донесува одлука за листата на кандидати и гласачи и ја објавува на интернет- страницата во времетраење од осум дена, по истекот на кои се свикува гласањето. Секој регистриран гласач добива еден глас, кој може да се достави лично, по пошта, факс или електронска пошта. Отворањето на гласачката кутија се врши јавно и при отворањето се поканети сите актери . Избраниот претставник се избира во рок од три дена по завршувањето на гласањето. Доколку првите два кандидата добиле ист број на гласови, а се работи само за едно место во одредено тело, се преминува на втор круг на гласање.

*Права и обврски*
Регулативата предвидува одредени права и обврски за избраните претставници. Тие вклучуваат право на исплата на дневници и патни трошоци. Претставниците на ГО треба да бидат транспарентни во својата работа; да поднесуваат извештаи до ГО (ЦНВОС добива извештај и го проследува до сите заинтересирани организации кои учествуваат во постапката, ги објавува информациите во неделниот информациски пакет и на интернет- страницата); избраните претставници мора да ги земат предвид предлозите и сугестиите на ГО при спроведувањето на активностите во телата.

## 2) Критериуми за избор на членови

Владиното тело кое го издава барањето ги утврдува критериумите и дополнителните детали на постапката за конкретен процес на селекција. Тие се поднесуваат на пропишан образец кој треба да ги вклучува следните информации: очекувани познавања на претставникот и други критериуми кои лицето треба да ги задоволува, опис на активноста во која лицето ќе биде вклучено, услови за успех на постапката, тип на гласање, итн.

# IV. ПОСТОЈНА ПРАКТИКА НА СЕЛЕКЦИЈА НА ГО ВО МАКЕДОНИЈА

Поради фактот што не постои стандардизиран механизам за избор на претставници од граѓанските организации во работните тела на органите на државната управа, како и во другите институции на системот, моделите кои се применуваат се различни. Можат да се идентификуваат два доминантни модела со специфични карактеристики (претставени подолу):

- Директен избор кој го вршат телата на органите на државната управа;
- Избор кој го вршат самите организации.

## Избор од страна на телата на органите на државната управа

### (1) Комисија за организации од јавен интерес

Новиот Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10) за првпат го воведува статусот на организациите од јавен интерес во Република Македонија. Воведувањето на овој статус предвидува воспоставување на структура за негово конзистентно спроведување. Имено, во согласност со членот 79, статусот на јавен интерес го одредува Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за организации од јавен интерес. Составот на Комисијата е утврден со ставот 3 од истиот член.

Комисијата е составена од единаесет члена, од кои девет се претставници на тела на државната администрација и двајца претставници од граѓанскиот сектор. Мандатот на членовите е четири години. Во истиот член, во ставот 4, пропишано е дека начинот и критериумите за избор, како и начинот на прекинување на активностите, се дефинираат со правилник подготвен од страна на Министерството за правда.

Правилникот[15] беше усвоен во октомври, 2011 година. Во текот на подготовката на овој приказ, во тек беше изборот на претставници од граѓанскиот сектор.

***Постапката*** е составена од следните чекори:

1. Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, преку Одделението за соработка со невладини организации, објавува јавен повик во весници за избор на членови на организации.
2. Организациите можат да предложат свои кандидати во рок од осум дена од објавувањето на повикот.

[15] „Службен весник на Република Македонија" бр. 141/2010, Правилник за начинот и критериумите за избор, како и причините за прекин на работењето на претседателот и членовите на Комисијата на организации од јавен интерес.

3. Предлозите се поднесуваат во писмена форма, заедно со следните документи:
    - биографија на кандидатот;
    - мотивациско писмо на кандидатот;
    - копија од последната потврда за регистрација на организацијата (последни промени од регистрацијата), или потврда од Регистарот не постара од триесет дена; и
    - листа на активности во полето на развој на граѓанскиот сектор.

4. Во рок од осум дена, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија подготвува извештај за бројот на пријавени организации со предложени кандидати кои ги исполнуваат условите пропишани во јавниот повик. Овој извештај се објавува на интернет страницата на Одделението за соработка со невладини организации.
5. Одделението поднесува извештај за бројот на пријавени организации со предложени кандидати кои ги исполнуваат условите пропишани во јавниот повик за конкурсот до Владата на Република Македонија, за целите на формирање на Комисијата.
6. Одлуката за избраните кандидати ја донесува Владата, врз основа на информациите поднесени во Извештајот.

Правилникот пропишува два **критериума** кои треба да ги исполнуваат кандидатите:

1. Експертиза во полето на граѓанскиот сектор, конкретно во полето на правни и фискални регулативи за здруженија на граѓани и фондации (број на спроведени проекти во функција на експерти, публикации, учество во работни групи); и
2. Познавања од областа на националното законодавство поврзано со областите утврдени како активности од јавен интерес во членот 74 од Законот за здруженија и фондации.

Позитивната карактеристика на овој модел е тоа што дозволува сите заинтересирани организации и кандидати да аплицираат за потенцијални членови на Комисијата, бидејќи самиот повик е доставен во пишаните медиуми. Меѓутоа, потребни се одредени подобрувања на постапката и критериумите.
Имено, иако повикот се однесува на организации кои треба да предложат свои кандидати, а истовремено се бара придружна документација во потврда на искуството на кандидатот, критериумите се нејасни во однос на основните барања за организациите, како што се поле на работа, локација, целни групи, итн. Врската помеѓу организациите и нивните предложени кандидати е недоволно јасна, односно дали предложените кандидати од организациите треба да бидат нивни вработени, членови или, пак, можат да бидат и надворешни соработници.
За време на изборот на првиот состав на Комисијата, крајните рокови наведени во Правилникот во однос на постапката не беа запазени. Одделението за соработка со невладини организации не ја исполни својата обврска во однос на објавувањето на листата на пријавени кандидати кои ги исполнуваат критериумите во рок

од осум дена. Имено, оваа обврска не беше исполнета ниту по триесет дена од истекот на крајниот рок за пријавување.

### (2) Национален совет за развој на волонтерство

Во септември 2010 година, Владата на Република Македонија усвои Стратегија за промовирање и развој на волонтерство со Акциски план за периодот 2010-2015 година[16]. Стратегијата предвидува воспоставување на Национален совет за развој на волонтерство (НСРВ) кој треба да овозможи поефикасно планирање и спроведување на целите и мерките. НСРВ се формира со одлука на Владата на Република Македонија и треба да претставува повеќесекторско тело кое е составено од девет членови, од кои пет се членови на тела на државната администрација, додека четири се претставници од граѓанскиот сектор. Мандатот на членовите е две години со можност за повторен избор. Постапката и критериумите на селекција ги утврдува Генералниот секретаријат на Владата и Министерството за труд и социјална политика. Членовите на Советот не добиваат надомест за нивната работа.

**Постапка:**

1. Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија објавува јавен повик во дневните весници преку Единицата за соработка со невладини организации.
2. Организациите можат да предлагаат сопствени кандидати во рок од осум дена од објавувањето на повикот.
3. Кандидатите кои се пријавуваат на повикот треба да поднесат:
    - биографија;
    - копија од потврдата за регистрација на организацијата во која кандидатот работи/волонтира;
    - краток приказ на организацијата (мисија, историја, структура, спроведени активности за развој и промовирање на волонтерство);
    - мотивациско писмо на кандидатот и краток опис на квалификациите и искуството на кандидатот и опис на начинот на кој тој/таа ќе придонесе во работата на Советот.
4. Изборот на членовите го врши Министерството за труд и социјална политика;
5. Одлуката за избраните кандидати ја носи Владата врз основа на информациите поднесени во извештајот.

**Критериум:**

1. Вклученост во организацијата како вработен или волонтер;
2. Познавања од релевантните прашања и потреби на граѓанскиот сектор во Република Македонија, конкретно потребите за развој на волонтерството;
3. Најмалку две години докажано искуство во спроведување на проекти и активности поврзани со волонтерство на национално, локално и/или меѓународно ниво;

[16] Влада на Република Македонија, Стратегија за промовирање и развој на волонтерство, 2010 година.

4. Соработка со државните институции или единиците на локалната самоуправа или учество во работни групи во процесот на подготовка на закони, стратегии на национално и локално ниво во однос на развојот на граѓанското општество и волонтерството;
5. Комуникативност и способност за работа во тим;
6. Поседување на висок интегритет, одговорност и отчетност.

И тука повторно позитивна карактеристика е можноста сите активни субјекти во граѓанскиот сектор да станат потенцијални членови на НСРВ. Меѓутоа, како и во претходниот случај, конечната одлука, сепак, ја носи владино тело/министерство врз основа на претходно дефинирани критериуми и во согласност со постапката која ја водат телата на државната администрација.

За разлика од изборот на членови на Комисијата за организации со статус на јавен интерес, во процесот на селекција на кандидати за НСРВ, критериумите се потранспарентни и оттука поголема е можноста за пореален и легитимен избор. Имено, во овој случај, постои јасна врска помеѓу организацијата и лицето кое е предложено како член на НСРВ. Исто така, времетраењето на потребното искуство е дефинирано, како и конкретните области на работа и појасно упатување на географскиот регион. Сличноста со првиот случај е фактот што се утврдени само критериумите за кандидатот, но не и за организацијата која го предложува.

## Избор од страна на граѓанските организации

### (1) Избор на кандидат преку мрежа/платформа на ГО.

Еден од најприменуваните модели е оној во кој органите на државната управа, кои имаат потреба од учество на поединци од граѓанскиот сектор во постојани или времени работни и советодавни тела, го овластуваат граѓанското општество за да го изврши изборот. Во тој случај, органите на државната управа идентификуваат една мрежа/платформа до која испраќаат покана за номинирање на нивни претставници, во согласност со нивните внатрешни процедури. Најприфатена организирана форма на граѓански организации е Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ).[17] Меѓународните организации, како што се УНДП, поради потребата од управни одбори во рамките на нивните проекти, беа првите институции во кои беа избрани претставници на граѓанскиот сектор преку ГПМ. ГПМ назначи и свои претставници за државните институции, за работната група за подготовка на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор во 2006 година.

[17] ГПМ е формирана на 16 март 2004 година од 30 водечки граѓански организации од различни сектори со доминантна застапеност на национално ниво. Платформата има јасна организациска структура, составена е од Совет во кој учествуваат сите организации- членки и кој претставува највисокото тело на ГПМ и Комитет како највисоко управно тело, составен од 11 организации. ГПМ има Секретаријат, како административно тело.

*Работна група за Законот за здруженија и фондации*

Во мај 2007 година, Министерството за правда организираше работна група за подготовка на новиот Закон за здруженија и фондации. Работната група се состоеше од претставници од органите на државната управа, два домашни експерти, еден меѓународен експерт и двајца претставници од граѓанските организации. Интересно е да се забележи дека во текот на формирањето на оваа работна група, Министерството за правда испрати една директна покана до една граѓанска организација за номинација на претставник, при што поканата за номинација на кандидат за вториот претставник од граѓанскиот сектор беше испратена до ГПМ. Министерството за правда не утврди сопствени критериуми, ниту пак воспостави постапка за начинот на вршење на селекцијата. Тоа беше во најголем дел оставено да биде решено од ГПМ.

**Правила за избор на претставници на ГПМ**

**1. Предлози за кандидати**

*Известување за потребата од избор.* Според правилата, постапката започнува со повик за избор на учесници, подготвена од страна на Секретаријатот на ГПМ по претходно примено барање од одредена институција за номинација на претставник на ГПМ. Повикот ги содржи следните информации: назив на работното место, институција - домаќин и број на места за кои се врши избор, опис на профилот на местото, начин на работа, рокови, меѓу кои рокови и начин на поднесување на предлози, итн.

*Право на предлог.* Кандидатот за претставник може да биде самономиниран или номиниран од друга организација. Кога кандидатот е номиниран од друга организација, тој/таа треба претходно да биде информиран/а и да ја прифати кандидатурата.

*Форма на предлогот.* Предлогот за кандидатура содржи име на организацијата, име на кандидатот и неговата/нејзината замена и краток опис на мотивацијата на кандидатот за негов/нејзин избор.

**2. Методи на селекција**

*Листа на кандидати.* Предлозите се примаат од страна на Секретаријатот на ГПМ, кој врши проверки на поднесените предлози и одредува листа на кандидати (име на организација, претставник и негов/нејзин заменик).

Изборно тело: Изборот на претставник го врши Комитетот на ГПМ.

*Гласање.* Гласањето се врши на седница на Комитетот, или во писмена форма (електронска пошта, факс и пошта). Доколку, од технички причини, гласањето не може да се изврши по електронски пат, може да се оствари краток телефонски разговор; меѓутоа, организацијата мора да гласа во писмена форма/по факс. Гласањето е јавно.

*Резултати од гласањето.* Се номинира кандидатот кој добил најмногу гласови од членовите на Комитетот. Доколку двајца или повеќе кандидати имаат ист број на гласови, гласањето се повторува само за тие кандидати.

*Објавување.* Секретаријатот на ГПМ ги објавува резултатите од гласањето со информации за избраниот кандидат, бројот на гласови по кандидат и начинот на спроведување на гласањето.

### *Национална стратегија за еднаквост и недискриминација*

За целите на изготвување на Стратегијата, беше воспоставена Работна група во која беа застапени различни ресорни министерства, независни институции и граѓанското општество. Учество зедоа три членови на граѓанското општество, двајца од Сојуз "Македонија без дискриминација" и еден од Хелсиншкиот комитет за човекови права. Организациите беа избрани од страна на Министерството за труд и социјална политика, а одговорните лица беа номинирани од самите организации.

### *Работна група за Законот за спречување и заштита од дискриминација*

Во процесот на подготвување на Законот за спречување и заштита од дискриминација, Министерството за труд и социјална политика во работната група вклучи двајца претставници од граѓанскиот сектор. Во овој случај, беше испратена покана уште до една (тогаш) неформална мрежа на граѓански организации, т.е. Сојуз "Македонија без дискриминација". Министерството не одреди конкретни критериуми. Тоа им овозможи на членовите на Коалицијата да поставаат свои правила. Членовите на Сојуз "Македонија без дискриминација" одлучија со консензус да изберат двајца претставници, од кои едниот експерт со огромни теоретски познавања, а другиот практичар со обемно искуство во полето на човекови права и заштита од дискриминација.

### *Национален совет за европска интеграција (НСЕИ)*

На 19 ноември 2007 година, Собранието на Република Македонија донесе одлука за основање на Национален совет за европска интеграција. Советот беше составен од седумнаесет[18] членови со право на глас. Меѓутоа, можност за учество во работата на НСЕИ имаа и: претставниците од трговската комора, синдикатите, верските организации, Граѓанската платформа на Македонија и научни и професионални работници од одредени области од значење за процесот на преговори[19].

Интересно за Националниот совет за европски интеграции е фактот што ГПМ е конкретно наведена во членот 5 од Одлуката за формирање на НСЕИ. Така, во согласност со оваа одредба, НСЕИ испрати директна покана до ГПМ, без предлог за конкретна постапка или критериуми за избор на кандидат.

Во процесот на селекција, ГПМ ги примени горespоменатите **правила**, но ги прошири со следните **критериуми:**

[18] Членови со право на глас се следните: четири члена од членовите на владејачкото мнозинство и опозицијата на Собранието; три претставници се номинираат според нивната служба (членови на собраниски комисии). Членовите од други државни институции се: вицепремиер на Владата задолжен за европска интеграција и еден претставник од канцеларијата на претседателот на државата и претседателот на Владата. Исто така, застапени се претставници од Академијата на науките и уметностите на Македонија, Здружението на единиците на локалната самоуправа и Здружението на новинари на Македонија.

[19] Собрание на Република Македонија, Одлука за основање на Национален совет за европски интеграции, ноември, 2007 година.

1. Искуство во граѓанското општество во Македонија и познавање на истото;
2. Познавање на работата и активностите на Европската унија и нејзините институции;
3. Познавање на процесот на интеграција на Македонија во Европската унија.

### *Заеднички консултативен комитет на граѓанско општество (ЗКК) помеѓу Република Македонија и Европскиот економски и социјален комитет*

Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) на граѓанско општество е заедничко работно тело на Република Македонија (како земја со статус на кандидат) и Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК). Заедничкиот консултативен комитет е формиран со политичка одлука донесена на 4 состанок на Советот за стабилизација и асоцијација во јули, 2007 година.
ЗКК е составен од двајца претставници, од редовите на здруженијата на работодавци, синдикатите и граѓанските организации (здруженија и фондации).

***Постапката** за избор на двајцата претставници е следна:*

1. Одделението за соработка со невладини организации испраќа директна покана до ГПМ со барање за избор на двајца претставници;
2. ГПМ ја проследува поканата до своите членови, но и до други релевантни граѓански организации;
3. Организациите номинираат свои кандидати со испраќање на апликација до Секретаријатот на ГПМ, која содржи:
   - писмо од граѓанската организација во кое се номинира кандидат за претставник;
   - изјава дека граѓанската организација ќе ги покрие трошоците за учество на номинираниот претставник во работата на ЗКК;
   - изјава за прифаќање на кандидатурата од номинираниот претставник;
   - копија од постојниот статус на граѓанската организација која го номинира кандидатот, издадена од страна на Централниот регистар на Република Македонија;
   - профил на граѓанската организација, кој содржи информации за: визијата, мисијата и целите; главни активности; краток опис на завршени проекти и издадени публикации во полето поврзано со повикот (социјален и граѓански дијалог); учество во работни групи; членство и учество во домашни и/или меѓународни мрежи; организациска структура; нивоа на управување; број на целосно ангажирани лица; и буџет на организацијата за 2007, 2008 и 2009 година;
   - доказ за економското и финансиското работење.
4. Изборот се врши од страна на Комисија за верификација составена од членови на ГПМ;
5. Апликациите кои ја минале административната проверка подлежат на евалуација од страна на Комисијата за верификација во согласност со

критериумите за техничка евалуација. Се избираат двајцата кандидати со најголем број на гласови.

Граѓанските организации кои се пријавуваат на повикот треба да ги исполнуваат следните **критериуми**:

1. Регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации. Организации на работодавци, синдикати и стопански комори не се квалификуваат.
2. Активни на национално ниво;
3. Активни на полето на социјален и граѓански дијалог;
4. Членови или учесници во домашни и меѓународни мрежи;
5. Човечки и финансиски капацитет (трошоците за учество во работата на ЗКК ги покрива организацијата која номинира);

Номинираните кандидати мора да поседуваат општа експертиза и експертиза во социјалниот и граѓански дијалог.

Во периодот од 2007 до 2011 година, беа реализирани две селекции на членови на ЗКК. Во првата селекција од ноември 2007 година, правилата на ГПМ во целост беа применети, но покана за номинација на сопствени претставници беше испратена и до други претставници и организации кои не се членови на ГПМ.

Во втората селекција од ноември 2010 година, беше извршена промена во формулацијата на критериумите за организации и кандидати. Истовремено, беше подготвена матрица за административна проверка и евалуација. Критериумите и постапката наведени погоре се однесуваат на селекцијата од 2010 година. Матрицата содржи критериуми за организациите кои се однесуваат на: активности/работа на организацијата, членство во работни групи, членство во сојузи, човечки и финансиски капацитети. Исто така, утврдени се и критериуми за кандидатите во однос на образование, работно искуство во полето на граѓански и социјален дијалог, публикувани трудови од конкретна област. Вкупниот број на поени е сто, од кои осумдесет се максимум поени за организациите и дваесет за кандидатот[20].

Вреди да се спомене отвореноста на ГПМ кон другите организации во изборот за ЗКК. Имено, по поднесувањето на повикот до Владата (преку Министерството за надворешни работи и Генералниот секретаријат), ГПМ ја сподели таа информација со голем број на релевантни граѓански организации. Во обете селекции, еден од претставниците беше надвор од рамките на ГПМ.

[20] Деталната матрица за административна проверка и евалуација на апликации е дадена во *Анекс 1: Матрица за административен преглед и оценување на апликациите.*

Еден од најчестите проблеми идентификувани кај сите од горенаведените модели е недостатокот на интерес од страна на ГО да се пријават. На пример, за избор на еден претставник на НСЕИ, се пријавиле само два кандидата. Иста беше ситуацијата и со изборот на претставници за ЗКК, каде за две места се пријавиле само два кандидата . Иако оваа анализа не дава осврт на повеќе примери, таквата ситуација е широко застапена (проблемот, исто така, е идентификуван во изборот за Мониторинг комитетите за ИПА 4 компонентата и ИПА 1 компонентата). Исто така, треба да се забележи дека претставниците во овие тела не добиваат никаква финансиска поддршка за нивната вклученост, ниту, пак, надомест за патни трошоци и сместување. Тоа може да се смета како еден од факторите кој одвраќа од активно учество во сите случаи.

### (2) Директна покана до организацијата/кандидатот за членство во работната група/тело

Слично на праксата во другите земји, органите на државната управа често го задржуваат правото директно да поканат претставници од граѓанските организации во работните групи (најчесто во процесот на изготвување на закони). Овој начин на вклучување најчесто се темели на претходна соработка на конкретните органи со организациите и нивните претставници, како и на експертизата и угледот на организацијата во одреден сектор. На пример, за целите на изготвување на *Законот за измени и дополнувања на законот за еднакви можности на жените и мажите*, беше формирана експертска група од шест члена, која вклучуваше претставници од релевантни институции (Народен правобранител), ресорни министерства (Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за правда) и граѓанско општество (претставник од Акција Здруженска и еден домашен експерт). Институциите/организациите беа избрани од страна на Министерството за труд и социјална политика, а одговорните лица беа номинирани од страна на самите институции/организации. Исто така, во текот на овој период, беа извршени промени на *Законот за донации и спонзорства во јавните дејности*. Двајца претставници од граѓанскиот сектор се дел од работната група во Министерството за правда по директна покана. Двајцата се претставници од организации кои долги години се вклучени во полето на добротворна работа и филантропија.

Покрај гореспоменатиот случај на Министерството за правда, каде еден од двајцата претставници во работната група за подготовка на *Законот за здруженија и фондации* бил директно поканет од Министерството, сличен пример може да се најде во Министерството за труд и социјална политика во процесот на подготовка на *Законот за волонтерство.*

# V. ЗАКЛУЧОЦИ

Приказот на механизми на селекција на претставници на ГО во земјите на Европа и анализата на македонските практики покажуваат дека не постои стандардизиран механизам за вклучување на ГО во работните групи и други консултативни тела.

ГО земаат учество во меѓусекторски владини совети и советодавни тела, работни групи, мониторинг тела. Македонските ГО се вклучени во меѓусекторските тела воспоставени од државната администрација (НСЕИ, ЗКК, Комисијата за организации од јавен интерес, итн.) или во работни групи за изготвување на закони (Закон за здруженија и фондации, Закон за донации и спонзорства во јавните дејности, Закон за волонтерство, Закон за спречување и заштита од дискриминација, Измени и дополнувања на Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите, итн.).

Следните модели се идентификувани на европско ниво:

1. ГО избираат свои претставници врз основа на постапка пропишана со закон или регулатива, или критериуми утврдени од страна на државно тело;
2. ГО избираат свои претставници врз основа на сопствена постапка;
3. Владиното тело го организира процесот и ги избира ГО (со или без јасни правила);
4. Државното тело соработува со ГО во постапката и процесот на селекција.

Во Македонија постојат две најзастапени постапки на селекција: (1) кога институциите го вршат изборот и (2) кога изборот е оставен на самите организации.

Кога државните тела го вршат изборот, постојат два различни прода: (1) селекција преку јавен повик за конкурс, со јасно утврден процес од страна на телото (на пример, Хрватска, Србија) или (2) со директно номинирање на претставници од страна на ГО, или врз основа на процес и критериуми развиени од страна на ГО на барање на Владата (Словенија) или врз основа на сопствени постапки (Бугарија). Во земјава, првиот приод најчесто се применува за тела со дефиниран долгорочен мандат, како што се Комисијата за статус на организации од јавен интерес или Националниот совет за развој на волонтерство). Случаи на директна покана на одредено лице или организација се среќаваат кога се формираат работни групи за подготовка на закони (Закон за здруженија и фондации, Закон за донации и спонзорства во јавни дејности, Закон за волонтерство, Закон за спречување и заштита од дискриминација, итн.)

Можноста ГО да одредат свои претставници е често применуван приод. Во овие случаи, државните тела се потпираат на организираното граѓанско општество, т.е. на одредена коалиција/мрежа/платформа. Во земјава, најчест партнер

е Граѓанската платформа на Македонија. Со поддршка на оваа платформа, се изврши изборот на членови во НСЕИ, ЗКК, работната група за Законот за здруженија и фондации, итн. Во овие случаи, постапката се спроведува во согласност со правилата утврдени од самата мрежа.

Додека во примерите од Европа постои тенденција да се прави разлика помеѓу критериумите за организации и за кандидати, во земјава не е секогаш јасно дали тие се однесуваат на организацијата или на кандидатот од конкретната ГО. Кога се бараат препораки за организациите, критериумите најчесто се однесуваат на кандидатот. Исклучок беше направен при изборот на членови на ЗКК воден од ГПМ, каде постоеше конкретна матрица за административна проверка и евалуација на апликации. Во оваа матрица, најмногу поени носат организациските квалитети, следени од квалификациите на кандидатот.

Исто така, релевантно за земјава е и слабиот одѕив на ГО да учествуваат во консултативни тела и работни групи. Причините можат да бидат различни: недоволна информираност, недоволно капацитети (човечки и финансиски), итн. Како резултат на тоа, доминантно учество во меѓусекторските тела имаат поголемите организации и мрежи (кои најчесто ги имаат потребните ресурси да го поддржат учеството).

# VI. ПРЕПОРАКИ

Во земјите во кои не постои воспоставена практика за избор на ГО во меѓусекторски тела, корисно би било да се пропишат еден или два модела кои ќе служат како насоки за државата и ГО при изборот на најдобриот начин на селекција и вклучување на ГО и јавноста во таквите тела.

Условот за транспарентност на изборните постапки бара сите процеси да се темелат на јасно пропишани критериуми, спецификите на кои можат да се утврдат пред започнувањето на процесот и да се стават на располагање на сите потенцијално заинтересирани групи.

Во процесот на утврдување на критериумите и постапката, целта на работната група/тело треба да е најважна, како и јасноста на потребата, т.е. јасноста на мандатот на претставниците од ГО, конкретно, целта на вклученоста на ГО, видот на придонес и улогата на поединецот или организацијата кои земаат учество.

Така ќе се поставаат критериумите и постапката. На пример, доколку телото има советодавна функција, критериумите за *репрезентативност* на организациите треба да доминираат и организациите самите можат да го направат изборот. Во случаи кога се бара *експертиза*, потребни се појасни критериуми за кандидатите. Истовремено, правото на една државна институција да се обрати до одредена организација или лице идентификувано во конкретен сектор треба да се прифати како можност. Меѓутоа, и во овие случаи, се препорачува истите институции да ги дефинираат сопствените правила и матрици за целите на евалуација на одлуката која ја носат и заради обезбедување на транспарентен и отворен процес.

Понатаму, процесот треба да дава можност за кандидатури од поширока група на организации и да обезбедува еднаков третман на сите врз основа на јасно дефинирани критериуми заради кредибилитет на процесот.

Потпирањето на организирано граѓанско општество во коалиции и мрежи (во секторски или меѓусекторски национални сојузи) се препорачува особено во случаите на избор на членови со репрезентативни функции. Во тие случаи, мрежата избира кандидати врз основа на сопствени постапки. Меѓутоа, процесот не треба да исклучува други организации или мрежи да номинираат кандидати.

Министерствата, исто така, можат да подготват листа на ГО кои сакаат да бидат информирани и да земат учество во изборните процеси. Од ГО може да се побара да извршат прелиминарна регистрација, така што ќе поднесат минимум информации релевантни за работата на министерството и активностите на ГО.

Кога е можно, заради олеснување на процесот на селекција и размена на информации, владините тела и ГО можат да воспостават заедничка интернет-

база на податоци за постојните повици за номинации, правила, листа на активни тела и претставници на ГО избрани да учествуваат во нив, итн.

Независно кој модел ќе се избере, се препорачува да се изберат заменици на кандидатите истовремено при изборот на членот на групата. Покрај тоа, кога е потребна репрезентативност, акцент треба да се стави на организацијата која номинира, наместо на личните препораки.

Како што е забележано погоре, водечко начело на сите механизми на селекција е тоа што постапката треба да биде јавна, отворена и транспарентна, за да обезбеди доверба помеѓу државните тела и ГО. Затоа, организаторите на процесот на селекција однапред треба да го пропишат процесот и да го промовираат преку сите форми на медиуми, социјални мрежи и разни канали, заедно со извештаите за преземените чекори и резултати.

Конечно, посебен осврт треба да се даде на прашања како што се: кој го назначува членот, кој ги избира членовите, кои се временските рамки и роковите, дали е процесот организиран во еден или два чекора, дали од организациите ќе се бара да се регистрираат и кои документи треба да ги поднесат за таа цел, која е постапката за жалба и други прашања.

# VII. ПРЕДЛОЖЕНИ МОДЕЛИ

Следните модели се развиени врз основа на информациите добиени од компаративниот приказ и домашната анализа. Нивната цел е да дадат помош и насоки на македонските државни тела и ГО во процесот на избор на членови на ГО во различни тела. Предложените модели не се исклучуваат меѓусебно и наменети се како илустративни примери за тоа како може да води процесот на селекција.

## Можни постапки на селекција

Следните модели даваат насоки за можните постапки кои би можеле да се преземат при изборот на членови во меѓусекторски тела кои бараат репрезентативност или конкретна експертиза. Во случаите кога изборот се врши преку јавен оглас, може да постојат разлики во однос на тоа кој одлучува за номинациите. Моделот дава две опции за тоа. Покрај тоа, моделот дава осврт на прашања кои би можеле да се земат предвид кога изборот на членови се врши преку мрежи.

### A. Избор преку јавен оглас

1. **<u>Јавен оглас</u>** (за општи прашања се објавува од страна на министерствата, но може да се објави и од страна на Владината единица за соработка со невладини организации). Тој треба да биде објавен на интернет страницата на Одделението за соработка со невладините организации и на одговорното министерство или орган на државната управа.. Покрај тоа, може да се објави и во дневни весници, билтенот на ГО, како и да се дистрибуира преку други канали. ГО треба да ја прошират информацијата преку нивните канали.

2. **<u>Номинирање</u>:** Секоја организација може да номинира еден кандидат и еден заменик. Номинацијата може да се поднесе преку организацијата која го номинира кандидатот и неговиот заменик, и/или директно од самите кандидати, и треба да се достави до институцијата која го издава повикот во писмена форма (преку електронска пошта или пошта) со сета документација. Периодот на номинирање треба да биде јасно наведен во јавниот повик и не треба да трае помалку од петнаесет работни дена.

3. **<u>Административен преглед</u>:** Примените апликации треба да бидат административно и технички прегледани од страна на државната институција која го води процесот. Тоа треба да се стори во период од осум работни дена. Државната институција подготвува извештај за: бројот на

организации и кандидати кои аплицирале; за валидните и невалидни апликации. Извештајот се објавува на интернет-страницата.

4. **Донесување на одлуки:**

Опција1. Преку јавно гласање

Оваа опција почесто се применува во случај на избор на претставници во консултативни тела, како што се совети, комитети.

*Чекор 1: Прелиминарна регистрација.*[21] За да можат да гласаат, организациите треба да се регистрираат во надлежната институција. Треба да се дозволи доволно време за таквата регистрација (најмалку петнаесет дена). Во зависност од видот на телото за кое се врши изборот, регистрацијата на ГО може да се приспособи во зависност од нивното поле на активност, и тие би можеле единствено да поднесуваат номинации во тоа поле (на пример, доколку се гласа за тело кое требало да назначи претставници од избрани области, како што се животната средина, демократијата, итн., како што е случајот во Советот за развој на граѓанското општество на Хрватска). Доколку нема разлика во однос на областите на активност кои ГО треба да ги претставуваат, тогаш нема потреба за такво гласање кое се темели на активност (на пример, Комисијата за организации со статус на јавен интерес во Македонија).

*Чекор 2: Гласање.* Сите валидни апликации се објавуваат на интернет-страницата која го води процесот, со повик за (прелиминарно регистрираните) организациите да гласаат за еден од предложените кандидати и негов заменик во назначениот период (на пример, петнаесет работни дена).

Тие можат да гласаат на писмен образец (преку електронска пошта или пошта) даден од страна на државното тело кое го води процесот, или преку Интернет, доколку постои можност за гласање преку Интернет.

*Чекор 3: Одлука*. Постојат два приода за начинот на избирање на победничките претставници. (1) Кандидатот и заменикот со најголем број на гласови се избираат во телото. (2) Државната институција може да одлучи од листата на кандидати кои добиле најголем број на гласови (на пример, од пет кандидати со најголем број на гласови).

[21] Придружните документи за прелиминарна регистрација на организациите треба да вклучуваат: информации за регистрација (копија од решението за регистрација или пререгистрација во согласност со важечките закони за ГО); тип на активности во кои е вклучена организацијата релевантни на полето на работа на министерството (на пример, извадок од статутот); писмо во кое се образложува подготвеноста на организацијата да учествува во процесот на селекција, потпишано од страна на службен претставник на овластено лице или организација.

Опција 2. Одлука на државната институција

Државната институција може да донесе одлука врз основа на апликациите поднесени од страна на кандидатите. Институцијата треба да подготви образложение со кое ќе ја објасни одлуката објавена на нејзината интернет-страница. За да се обезбеди репрезентативност, доколку е потребно, државната институција може да побара од кандидатите да покажат дека нивната номинација е поддржана од одреден број на организации (на пример, тие можат да пропишат минимум број на организации кои треба да ја поддржат номинацијата).

5. **Жалба**: Во назначен период (на пример, осум работни дена), кандидатите имаат право да поднесат жалба до организаторот на процесот.

### B. Избор преку мрежи

Во случаи на долгорочна соработка помеѓу министерството или државната агенција со одредени мрежи, сојузи или други чадорски организации, избор може да се изврши со покана до мрежата на организации или друга релевантна организација од областа, да номинира кандидати. Во тој случај, може да се остави на самите организации да изберат претставници. Тие можат да го сторат тоа врз основа на лични дискусии или преку сопствени постапки. Меѓутоа, дури и во такви случаи, се препорачува информациите за процесот да бидат јавно достапни за да можат другите заинтересирани организации да се приклучат. Конкретните гаранции кои ќе обезбедат транспарентност можат да вклучуваат:

- Поканата на мрежата мора да биде објавена на интернет-страницата на државната институција, истовремено со испраќањето на истата до мрежата.
- Мрежата треба да ја пренесе информацијата до други организации активни во полето, информирајќи ги за можноста да земат учество во процесот.
- Информациите за избраните кандидати мора да бидат достапни на интернет- страницата на државната институција, заедно со нивните контакт податоци.
- Треба да се назначи соодветно време за поднесување на жалби (на пример, осум работни дена)

## Можни критериуми

Одлуката како да се утврдат критериумите е најважниот дел од процесот, бидејќи тие ќе го одредат кругот на страни кои можат да се приклучат на меѓусекторското тело и да земат учество во неговата работа. Процесот на подготвување на критериуми треба да ги земе предвид надлежностите на телото, улогата која кандидатот ќе ја има и придонесот кој ќе треба да го даде.

## А. Предложени критериуми за избор на кандидати на ГО за консултативни тела

Следниот модел предлага дека претставниците на ГО се избираат за учество во тела кои: (1) вршат советодавна функција, надлежни да развијат политики за целиот сектор (на пример, финансирање на граѓанското општество) или (2) се надлежни за еден потсектор (на пример, правата на жените) или (3) се надлежни за конкретно прашање (на пример, волонтерство). Во такви случаи, репрезентативноста на секторот може да се смета за поважна од експертизата за конкретно прашање. Доколку меѓусекторското тело специјализира во конкретна област, тоа може да стави акцент на прашањата кои се релевантни за неговата работа во остварувањето на организациска репрезентативност (на пример, телото одговорно за развој на волонтерство може да фаворизира ГО кои раководат со волонтери или чија мисија е развој на волонтерство). Во секој случај, сите ГО треба да имаат можност да номинираат кандидати и да аплицираат во согласност со критериумите. Постапката може да биде помогната од страна на државната институција, но се препорачува ГО да избираат свои претставници (на пример, како во Хрватска). Друга можност е постапката да ја водат ГО (на пример, како во Словенија или Бугарија).

### 1) Организациски критериуми

- *Вид на организација*: Регистрирана во согласност со одредбите од Законот за здруженија и фондации;
- *Активности/работа*: Минимум две-три години работа *(доколку е релевантна за работата на телото);*
- *Ниво не дејствување*: Дејствување на национално или регионално или локално ниво. Нејзините активности се насочени кон општата јавност и интересите на заедницата;
- *Учество во слични тела или работни групи водени од владата и ГО:* Да има историја на активно учество во работни групи или настани (на пример, работни групи за подготовка на национални стратегии/закони кои се однесуваат на конкретното прашање, меѓународни конференции и настани; да има спроведувано координативни активности помеѓу ГО, итн.);
- *Членство во мрежи:* Членство во платформи, мрежи, коалиции на национално и меѓународно ниво, или јаки врски со други организации (*доколку е релевантно за работата на телото*);
- *Финансиски и човечки ресурси:* Да има доволен број на членови или јаки финансиски и раководни капацитети (*доколку е релевантно за работата на телото*).

Придружни документи за организациските критериуми:

- Стандардна апликација е обезбедена (достапна на интернет-

страницата) од страна на институцијата која го води процесот;
- Копија од регистрацијата или пререгистрацијата во Централниот регистар на Македонија;
- Препораки од *(број на)* организации, или кандидатура поддржана од *(број на)* организации;
- Профил на организацијата кој ќе вклучува: визија, мисија и цели, главни активности, краток опис на завршени проекти (поврзани со областа на интерес на огласот), листа на публикации поврзани со областа, листа на учество во работни групи, листа на членство и учество во домашни и меѓународни мрежи/коалиции, информации за организациската структура и други информации кои би можеле да бидат релевантни за работата на телото.

### 2) <u>Критериуми за кандидатите</u>

- *Искуство:* Минимум *(број на)* години работно искуство или волонтерство во граѓанското општество;
- *Образование:* Да има најмалку средно образование *(доколку е релевантно за работата на телото или други слични услови можат да се пропишат)*
- *Експертиза:* Да има претходна експертиза во прашања од граѓанското општество и разбирање за прашањата од областа на граѓанското општество во конкретната област на работа на телото;
- *Социјален капитал:* Постојно или претходно искуство како член на релевантни мрежи, платформи, комуникациски вештини, докажани социјални вештини;
- Да не е активен член (да биде на функција или на висока положба) на политичка партија *(доколку е релевантно за работата на телото).*

<u>Придружни документи за кандидатите:</u>
- Биографија на кандидатот;
- Мотивациско писмо;
- План за начинот на кој ќе оствари придонес од заинтересираните страни и извештај за напредокот на телото и исходите од работата;
- Писмена потврда за активна работа (професионална или волонтерска) на кандидатот во граѓанското општество за последните *(број на)* години, потпишана од страна на организацијата (организациите) која го номинирала кандидатот или други организации (за претходно искуство).
- Препораки.

## Б. Предложени критериуми за избор на кандидати на ГО во работни групи

Следниот модел подразбира дека претставниците на ГО се избираат за учество во тела чија улога е да изготвуваат политики и закони кои би можеле да влијаат врз целиот сектор или врз конкретна област на работа. Во овој модел, се нагласува експертизата на кандидатот бидејќи избраното лице ќе треба да обезбеди

експертско мислење и придонес во процесот. Како и во претходниот модел, секоја ГО треба да има можност да номинира кандидати и да аплицира. Најчесто, постапката ја водат владини тела. ГО можат самите да изберат претставници врз основа на јасно претходно утврдени критериуми на државното тело, или тие можат да бидат избрани од страна на релевантното државно тело.

### 1) Организациски критериуми

Организациските критериуми се релевантни единствено доколку државното тело бара прелиминарна регистрација. Тие можат да вклучуваат:

- *Вид на организација*: Регистрирана во согласност со одредбите од Законот за здруженија и фондации;
- *Ниво не дејствување*: Дејствување на национално или регионално или локално ниво. Нејзините активности се насочени кон општата јавност и интересите на заедницата;
- *Членство во мрежи:* Членство во платформи, мрежи, коалиции на национално и меѓународно ниво, или јаки врски со други организации (*доколку е релевантно за работата на телото*);

### 2) Критериуми за кандидатите

- *Искуство:* Минимум *(број на)* години работно искуство или волонтерство во граѓанско општество;
- *Образование:* Да има најмалку средно образование. Универзитетска диплома или постдипломски студии се сметаат за предност *(доколку е релевантно за работата на телото);*
- *Експертиза:* Да има експертиза во граѓанско општество или друга конкретна област, придружена со минимум број на спроведени проекти како експерт, број на публикации, претходно учество во работни групи, експертиза во изготвување на национално законодавство, компаративна експертиза, итн.
- Да не е активен член на политичка партија *(доколку е релевантно за работата на телото).*

Придружни документи за кандидатите:

- Биографија на кандидатот;
- Мотивациско писмо;
- План за начинот на кој ќе оствари придонес од заинтересираните страни и извештај за напредокот на телото и исходите од работата;
- Писмена потврда за активна работа (професионална или волонтерска) на кандидатот во граѓанското општество за последните *(број на)* години, потпишана од страна на организацијата (организациите) која го номинирала кандидатот или други организации (за претходно искуство);
- Препораки.

# Анекс 1: Матрица за административен преглед и оценување на апликации

| Критериуми | Максимум поени |
|---|---|
| ГРАЃАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА | |
| **Тип на организација** | |
| Здружение/Фондација | 5 |
| Сојуз (мрежа) | 10 |
| **Активности/Дејствување** | |
| До три години и до три активности | 5 |
| Од три до десет години и од четири до шест активности | 10 |
| Над десет години и над седум активности/проекти | 15 |
| **Членство во работни групи, итн.** | |
| Членство во Економскиот и социјален совет на Република Македонија или работни групи на ЕСС | 5 |
| Членство во ЕЦОСОЦ на ОН | 5 |
| Членство во други работни групи во релевантни институции | 5 |
| **Членство во сојузи (мрежи)** | |
| Во една до две меѓународни мрежи | 5 |
| Во над три меѓународни мрежи | 10 |
| Не е член на ниту една меѓународна мрежа | 0 |
| Во една до две домашни мрежи | 5 |
| Во над три домашни мрежи | 10 |
| Не е член на ниту една домашна мрежа | 0 |
| **Човечки ресурси** | |
| Од едно до две лица постојано вработени | 3 |
| Од три до пет лица постојано вработени | 7 |
| Над пет лица постојано вработени | 10 |
| **Финансиски ресурси (просечен буџет за 2007-2009 година)** | |
| Под пет милиони МКД | 3 |
| Од пет до десет милиони МКД | 7 |
| Над десет милион МКД | 10 |
| **Вкупно поени - организација** | **80** |
| КАНДИДАТ | |
| **Образование** | |
| Диплома од средно или повисоко образование | 1 |

| | |
|---|---|
| Универзитетска диплома | 2 |
| Магистратура или докторат | 3 |
| **Работно искуство - општо** | |
| До три години | 2 |
| Од три до седум години | 3 |
| Над седум години | 5 |
| **Работно искуство – социјален и граѓански дијалог** | |
| До три години и до три активности | 2 |
| Од три до десет години и од четири до шест активности | 5 |
| Над десет години и над седум активности/проекти | 7 |
| **Објавени публикации за социјален и граѓански дијалог** | 2 |
| **Ниво на познавање на англиски јазик** | 3 |
| Разбирање (А- еден поен; Б- два поена; В- три поени) | 3 |
| Зборување (А- еден поен; Б- два поена; В- три поени) | 3 |
| Читање (А- еден поен; В- два поена; В- три поени) | 3 |
| **Вкупно поени – кандидат** | **20** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ** | **100** |

# БИБЛИОГРАФИЈА

## *Компаративен дел*


Communication: Simplifying and improving the regulatory environment, COM(2002) 278, European Commission, 2002

Resolution on The Perspectives for Developing Civil Dialogue under the Treaty of Lisbon, P6_TA(2009)0007, European Parliament, 2009

The Treaty of Lisbon, signed 2007, European Union, in force as of 2009

Treaty on the Functioning of the European Union, European Union, 2008

Act no. XI of 1987 on Legislation, Hungary

Law on Public Benefit Activity and Volunteering in 2003, Poland

Regulation on the Public Benefit Works Council, Minister of Economy, Labor and Social Policy, August 2003

"Narodne novine", br. 140/2009, Odluka Vlade Repubblike Hrvatske o osnivanju Savjeta za razvoj civilnog drustva

The Centre for Information Service, Co-operation and Development of NGOs (CNVOS) Rules of the Procedure for Selection of CSO Representatives

Savjet za razvoj civilnog drustva, Poslovnik savjeta za razvoj civilnog drustva, 2010

http://vote.bluelink.net/index.php

http://www.cnvos.si/article?path=/zagovornistvo/nvo_predstavniki

http://www.pozytek.gov.pl/Orzecznictwo,dotyczace,III,sektora,831.html

http://www.prsp.gov.rs/engleski/aktuelno/kocd.jsp

www.uzuvrh.hr

## *Македонски дел*


Влада на Република Македонија, Стратегија за промовирање и развој на волонтерство, 2010 година.

Влада на Република Македонија, Барање за номинирање на двајца претставници од граѓанскиот сектор во Заеднички консултативен комитет (ЗКК) на европскиот социјален комитет (ЕЕСК), октомври 2010

Граѓанска платформа на Македонија, Правила за избор на претставници од членките на ГПМ во меѓусекторски и меѓуинституционални тела, 2007

Службен весник на Република Македонија бр. 141/2010, Правилник за начинот и критериумите за избор, како и причините за прекин на работењето на Претседателот и членовите на Комисијата на организации од јавен интерес

Собрание на Република Македонија, Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции, 2007

www.nvosorabotka.gs.gov.mk, Оглас за избор на 2 члена во Комисијата за организации со статус од јавен интерес од организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, август, 2011

http://www.mtsp.gov.mk, Оглас за избор на четворица претставници од здруженија и фондации за учество во работата на Националниот совет за развој на влонтерството, февруари, 2011

www.nvosorabotka.gs.gov.mk, Повик за избор на претставници на здруженијата на граѓани активни на полето на европските интеграции на Република Македонија во ТАИБ комитетот на ИПА компонентата за помош при транзиција и институционално зајакнување (ИПА компонента 1)